# И З В Е Ш Т А Ј

## за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот Оглас за избор на два члена во Комисијата за организации со статус од јавен интерес од организации регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации

Согласно член 79 Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ", бр.52/10, 135/11 и 55/16) Комисијата за организации со статус од јавен интерес е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници на организации регистрирани во согласност на Законот за здруженија и фондации, а избрани по пат на оглас. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.

Согласно член 5, 6 и 7 од Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус на јавен интерес („Службен весник на РМ", бр. 142/10), Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија на 29.03.2018 година, на веб локацијата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk објави Оглас за избор на два члена во Комисијата за организации со статус од јавен интерес од организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.

Во објавениот оглас беше предвидено кандидатите за членови на Комисијата за организации со статус на јавен интерес, предложени од организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат експертиза од областа на граѓанскиот сектор, особено од правната и фискалната регулатива за здруженијата и фондациите (број на спроведени проекти како експерти, публикации, учество во работни групи); и
- да имаат познавање на националното законодавство поврзано со некоја од областите определени како дејности на јавен интерес во член 74 од Законот за здруженија и фондации.

Покрај предлогот во писмена форма, организациите за кандидатот за член на Комисијата требаше да приложат и:

- биографија за кандидатот;
- мотивациско писмо од кандидатот;
- копија од последното решение за регистрација на организацијата (последни промени од уписот), или извадок од регистарот не постар од 30 дена и
- референтна листа на активности во развојот на граѓанскиот сектор.

На огласот се пријавија шест кандидати:

- **Проф. д-р Вера Симовска**, претседател на ХЕПА Македонија Национална организација за унапредување на здравјето со физичка активност, Скопје, бр. 30-1/1 од 3.04.2018 година;

- **Илир Идризи**, извршен директор на Фондацијата за развој на образование и култура АЛБИЗ, с. Сарај, Скопје, бр.30-2/1 од 4.04.2018 година;

- **Невенка Костовска**, в.д. претседател на Здружение на граѓани Заедница на Хрвати во Република Македонија, Скопје, бр.30-3/1 од 4.04.2018 година *(Тековната состојба издадена од Централен регистар на РМ е постара од 30 дена (6.2.2018 год.), состојбата е потврдена со увид во Регистарот на здруженија и сојузи, ЕМБС: 5109400);*

- **м-р Сандра Рилкова**, претседател на Здружението за посредување во медијација и медијатори - МЕДИЈАТОР РС, Скопје, бр.30-4/1 од 4.04.2018 година *(Тековната состојба издадена од Централен регистар на РМ е постара од 30 дена (10.7.2017 год.), состојбата е потврдена со увид во Регистарот на здруженија и сојузи, ЕМБС: 7180403, здружението нема поднесено годишна сметка за 2017 година. Податоците од регистарот се доставени на ЦД, со допис бр.08-534/2 од 2.4.2018 год. на Централен регистар на Република Македонија);*

- **м-р Жаклина Димовска**, претседател на Здружението на граѓани за заштита, зачувување и развивање на темелните вредности на човекот, околината, природата со акцент на холистички пристап ХУМАН СВЕТ, Скопје, бр.30-5/1 од 5.04.2018 година *(Тековната состојба издадена од Централен регистар на РМ е постара од 30 дена (12.4.2017 год.), состојбата е потврдена со увид во Регистарот на здруженија и сојузи, ЕМБС: 6485740);*

- **м-р Даниела Антоновска**, проект менаџер во Сојуз - Национален совет за родова рамноправност, Скопје, бр.30-6/1 од 5.04.2018 година *(Тековната состојба издадена од Централен регистар на РМ е постара од 30 дена (27.10.2017 год.), состојбата е потврдена со увид во Регистарот на здруженија и сојузи, ЕМБС: 4942906).*